РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 10-11875/4
07-12-2018 год.
СКОПЈЕ

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**ИНТЕРНА ПРОЦЕДУРА**

**ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОГЛАСНО ЈАВЕН ПОВИК ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНИТЕ ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, НИВНИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА И НИВНАТА АСОЦИЈАЦИЈА, НА ЗДРУЖЕНИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО И ЗА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Скопје, 27.11.2018 година**

**ИНТЕРНА ПРОЦЕДУРА**
**ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОГЛАСНО ЈАВЕН ПОВИК ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНИТЕ ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, НИВНИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА И НИВНАТА АСОЦИЈАЦИЈА, НА ЗДРУЖЕНИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО И ЗА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

## 1. ПРЕДМЕТ

1.1. Со оваа процедура се утврдуваат критериумите и методологија за оценка избор на програмски активности на Црвениот крст на Република Македонија за кои ќе биде обезбедена финансиска поддршка согласно Јавен повик за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство.

## 2. ЦЕЛ

2.1. Средствата за оваа намена ќе се обезбедат согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри и Одлуката за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2019 година за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство.
2.2. Разгледување и оценка на програмски активности на Црвениот крст на Република Македонија за кои ќе биде обезбедена финансиска поддршка ќе врши Комисија за оценување и избор на поднесените програми од страна на Црвениот крст на Република Македонија, формирана со решение на министерот за труд и социјална политика .

## 3. ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА

3.1. Оваа процедура се применува при избор на програмски активности од областа на социјалната заштита на Црвениот крст на Република Македонија за кои ќе биде обезбедена финансиска поддршка согласно Јавен повик за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство.
3.2. За доследна примена на оваа процедура одговорни се членовите на Комисија за оценување и избор на поднесените програми од страна на Црвениот крст на Република Македонија, формирана со решение на министерот за труд и социјална политика.

## 4. ВРСКА СО ДРУГИ ДОКУМЕНТИ

4.1. Законот за игрите на среќа и забавните игри.
4.2. Закон за социјална заштита.
4.3. Закон за Црвениот крст на Република Македонија.
4.3. Јавен повик за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Македонија.
4.4. Програмата за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2019 година. (ќе се донесе по постапката на избор).

4.5. Одлука за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2019 година. (ќе се донесе по постапката на избор).

**5. ПРОЦЕДУРА**

5.1. Согласно приоритетите на Министерството за труд и социјална политика вид на активности кои ќе се финансираат во 2019 година во рамки на цел 3 од Јавниот конкурс за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство, се активности од социјалната заштита насочени кон давање на услуги, помош и поддршка на најранливите категории на граѓани.

5.2. Оценување и избор на програмски активности на Црвениот крст на Република Македонија кои што ќе се финансираат согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри за 2019 година ќе врши според:
- структура на програмата: област во која што истата ќе се реализира, времетраење на програмата и проектот, број на крајни корисници кои што ќе бидат вклучени во програмата или проектот, можност за нејзино понатамошно развивање и одржливост;
- целите кои што ќе се постигнат како што се опфатот на реализирани активности кои што се од јавен интерес и степенот на унапредување на состојбите во областа во која што програмата или проектот се спроведува ;
- организациски капацитети и човечки ресурси за спроведување на програмите и транспарентно управување со јавните финансии; и
- законитост и ефикасност на претходно искористени средства на претходно реализираните програми и проекти од ист вид.

5.3. Според утврдените критериуми од точка 5 од ова решение, Комисијата, ќе врши разгледување и рангирање на поднесените барања по бодови, при што вкупните можни бодови изнесуваат 100 бода, од кои:
- Структура на програмата: област во која што истата ќе се реализира, времетраење на програмата и проектот, број на крајни корисници кои што ќе бидат вклучени во програмата или проектот, можност за нејзино понатамошно развивање и одржливост од 0 до 30 бода.
(најголем број бодови ќе добие програмата која предвидува најголем број на крајни корисници од ранливите категории, како и програма која се реализира подолг временски период)
- Целите кои што ќе се постигнат како што се опфатот на реализирани активности кои што се од јавен интерес и степенот на унапредување на состојбите во областа во која што програмата или проектот се спроведува од 0 до 30 бода.
(најголем број на бодови ке добие програмата која има за цел опфат на активности кои ќе придонесат за подобрување на состојбите во однос на пристап до услуги од социјална заштита за најранливите категории на граѓани)
- Организациски капацитети и човечки ресурси за спроведување на програмите и транспарентно управување со јавните финансии од 0 до 20 бода.
(најголем број бодови ќе добие програмата за која е воспоставена и има предвидено ангажирање соодветен број стручни лица за реализација)
- Законитост и ефикасност на претходно искористени средства на претходно реализираните програми и проекти од ист вид, од 0 до 20 бода.
(најголем број на бодови ќе добие програмата во рамки на која изминатиот период во целост се реализирале предложените мерки и активности кои биле прифатени и поддржани од страна на министерството)

5.4. Трошоци од програмите подобни за финансирање се:

- бруто плати: износите на бруто плати за вработените лица ангажирани во реализација на програмски активности кои треба да соодветствуваат на воспоставените практики на корисникот;
- трошоци за канцелариски материјал/опрема;
- режиски трошоци; и
- трошоци за реализација на програмски активности во однос на обезбедување на простор и потребни материјали.

5.5. Министерството за труд и социјална политика има право да преговара со подносителот по однос на дефинирање на активностите и буџетот на предложените програми на основа на препораки добиени од Комисијата за оценување и избор на поднесените програми од страна на Црвениот крст на Република Македонија.

**6. СТАПУВАЊЕ НА СИЛА**

6.1. Процедурата стапува на сила со денот на заверка во писарницата на Министерството за труд и социјална политика.

**7. ДОСТАВУВАЊЕ**

7.1. Оваа процедура ќе биде објавена на веб страната на Министерството за труд и социјална политика.

Изготвил:М.Коцевски
Контролирал: м-рЛ.Штериев
Одобрил:З.Мемети

**Министер**
**Мила Царовска**